*Д. ДИМЕСКИ*

# ЃУРЃОВДЕНСКИОТ МАСАКР ВО БИТОЛА, 1903 ГОДИНА

Недела дена по Солунските атентати во Битола е извршен масакр сличен на солунскиот.[1])

Ѓурѓовденскиот масакр не е обичен одглас на солунските настани.[2]) Корените на овој настан се многу подлабоки.

Македонското национално-ослободително движење одамна излегло од сенката на анонимноста. Честите провали јасно ја оцртале неговата широчина и длабочина. Разгранетиот четнички институт на Тајната македоно-одринска револуционерна организација (ТМОРО) индицирал на можноста четите да се претворат во јатки на идна востаничка вооружена сила.

Тоа им било мошне добро познато на турските власти. Затоа не е ни чудно што се обиделе да ги искористат Солунските атентати како повод за пресметка со македонското револуционерно движење.[3])

Револуционерната раздвиженост на македонските маси најмногу дошла до израз во Битолскиот вилает. Оттаму резултираат предложените мерки на бившиот битолски валија Едип-паша[4]) — за парализирање на револуционерното движење во Битолскиот вилает.

Едип-паша, меѓу другото, сугерирал зајакнување на гарнизоните во центрите на казите — во Битолскиот вилает, како и испраќање на жандармериски патроли во обиколка на селата. Овие предлози биле

---

[1]) „Уште не била испарена христијанската крв од солунските улици кога слична крвнина... официјалната власт извршила и во Битола", Македония и Одринско (1893—1903), Мемоаръ на Вѫтрѣшната организација, 1904, 115.

[2]) Лозанчев смета дека настаните во Битола и Цапари биле само одглас на Солунските атентати. Сп. Спомени на Анастас Лозанчев, ракопис, Архив на ИНИ, 29; Сличен став има и П. Ацев. В. П. Ацевъ, Конгресътъ на Битолския Революционненъ окрѫгъ въ с. Смилево презъ 17—24 априлъ 1903, Илюстрация Илинденъ, 5/7—8 (47—48), София, 1933, 9.

[3]) Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ първи, София, 1933, 264.

[4]) Едип-паша бил сменет од должноста битолски валија во февруари 1903 г. Него го заменил Али Риза паша.

Сп. Извештаи на српскиот генерален конзул во Битола — М. Г. Ристиќ, П.П. бр. 66/25. I. 1903 г. ст. ст. и П. П. бр. 69/26. I. 1903 г. ст. ст. — Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и инспектори во Македонија. Редакција и коментар Љубен Лапе, Скопје, 1954, 41, 63.

разгледани од Дворската канцеларија и препратени до Великото везирство на 17/30 април 1903 година, во времето кога сè уште се пролевала христијанска крв по солунските улици.[5])

Во меѓувреме се проширила фамата дека Солунските атентати претставуваат сигнал за општо востание, или во најмала мера сигнал за слични акции во внатрешноста на земјата. Покрај тоа егзистирала и претпоставката дека Ѓурѓовден (6 мај) е определен за ден на востанието.[6])

Вешто манипулирајќи со овие гласови и воедно користејќи ги Солунските атентати како покритие пред светската јавност за преземање драстични мерки спрема македонското револуционерно движење, централната турска власт им дала инструкции на вилаетските власти за преземање строги мерки против секоја сомнителна акција на христијанското население, со што целела да елиминира секаква револуционерна пројава.[7])

Забрзаниот процес на револуционизирање на македонските слоеви во Битолскиот вилает во првата половина на 1903 година, довел до пораст на турската реакција. Турските репресалии над мирното христијанско население станале обична појава. Надвиснала застрашувачка опасност од нивна метаморфоза во масовни масакри.

Така, во Прилеп, на 18 април 1903 година, десетина дена пред Солунските атентати, турски декласирани елементи се обиделе да извршат масакр над месното христијанско население. Нивната намера, во последен миг, ја спречила официјалната турска власт.[8])

Солунските атентати уште повеќе ја зголемиле напнатоста што постоела во вилаетот.

Сепак, на експлозијата на муслиманскиот фанатизам во Битола — и кумувала официјалната турска власт.

Климата создадена во Македонија по Солунските атентати, а особено неказнетата злочинечка дејност на солунските улици, станале база за разгорување на ниските страсти изразени преку муслиманскиот фанатизам.

Силјанов го акцентира извештајот на Т. Нетков од 22 април/5 мај 1903 година, според кој, Турците, собрани во две џамии, решиле да извршат масакр во Скопје „ако пукне макар и една бомба".[9])

Ова говори дека бил потребен мал повод центрите на Македонија да станат арена на крвава турска одмазда над невиното македонско население.[10]) Тоа, од друга страна, лесно можело да стане сигнал за

---

[5]) Документи за българската история, томъ IV, БАН, — Документи изъ турскитѣ държавни архиви, частъ II/1863—1909), подбралъ Панчо Доревъ, София, 1942, стр. 200, бр. 348.

[6]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 114.

[7]) Хр. Силяновъ, op. cit., 264; Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 114.

[8]) Д. Димески, Националноослободителното движење во Прилепско во 1903 г., Гласник на ИНИ, XIV/2—3, Скопје, 1970, 135.

[9]) Хр. Силяновъ, op. cit., 264.

[10]) „Под (плаштот на м. б.) атентатите со динамит и бомби на Комитетот, се гледа блесокот на изненадната молња која сека со див (муслимански, м.б.) фана-

опустошување на христијанските села на дел од Битолскиот вилает од страна на дебарско-албански елементи.[11])

За ваквата атмосфера најмногу придонела официјалната турска власт, која благонаклонето гледала на намерите на одредени цивилни кругови на муслиманската јавност. Ова особено се однесува на турските државни органи во Битола. Затоа не е ни чудно што во Битола се повториле сцените од солунските улици.[12])

Непосредно по Солунските атентати турската власт во Битола презела мерки на претпазливост за обезбедување од слични немири.[13]) Меѓутоа, преземените мерки на битолскиот валија согласно со инструкциите на централната власт, само ја зголемиле напнатоста. Турските патроли што кружеле во околината на градот, како и приправноста на војската и жандармеријата, ја зголемиле самоувереноста во сопствената моќ на муслиманските декласирани елементи до невидени размери. На овие елементи посебно им импонирал солунскиот неказнет масакр. Поради тоа тие биле готови при најмал повод да приредат верна реприза на солунското крвопролитие. Тие отишле дотаму што отворено наговестиле ваков колеж.[14])

Поводот за реализирање на нивната намера се укажал на 6 мај 1903 година.[15])

Во зората, на 6 мај, турската патрола забележала покрај патот Битола—Ресен во близината на с. Цапари, две вооружени силуети. Тоа, всушност, биле двајца членови на раководното тело на Организацијата во с. Цапари, кои очекувале пратка на оружје и муниција, што требало да им ја достави некој Турчин — дебранец, кираџија.

Пратката ја порачал Г. Ошавков, дебранец, кројач во Битола, познат како одличен организатор за набавка на оружје.

Патролата прва отворила оган. Се заврзал краток дуел. Заплашена, патролата се повлекла спрема селото постојано пукајќи. Селаните одговориле со стрелба. Отпорот на селаните го изненадил аскерот.

---

тизам притаен досега во сенка" — сликовито истакнува Готје, француски вице-конзул во Битола во тоа време.

Сп. Vice-Consulat de France à Monastir, — Son Excellense, Monsieur Delcassé, Ministre des Affaires Etrangères à Paris, No 14, Monastir, le 11 mai 1903. (Le Vice-Consul de France à Monastir à V.E., M. Constans ambassadeur de la République Française à Constantinople, No 23, 11 mai 1903, copie), — Архив на Македонија, Скопје, Дбл. M—238/1—838, Инв. бр. 104.

[11]) Готје, непосредно по битолските настани, страхува од ексцеси на споменатите елементи.

Сп. Le Vice Consul de France à Monastir..., No 21/8 mai 1903.

[12]) За разлика од Солун, каде спонтано пламнатиот револт на муслиманските слоеви валијата Хасан Фехми-паша се обидувал да го стиши (Хр. Силяновъ, op. cit., 259), во Битола валијата Риза паша во првите моменти не презел ништо за спречување на масакрот. (Македония и Одринско, Мемоаръ..., 114).

[13]) Le Vice-Consul de France à Monastir..., No 21/8 mai 1903.

[14]) Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. 284/26 април ст.стл. 1903, op. cit., 205.

[15]) Според Мемоарот, христијаните не дале повод за масакрот. Сп. Македония и Одринско, Мемоаръ..., 114; Силјанов смета дека Организацијата не дала повод. Хр. Силяновъ, op. cit., 265; Слично на Силјанова резонира францускиот вице-конзул во Битола — Готје. Меѓутоа, Готје наведува дека повод постоел.

Сп. Le Vice-Consul de France..., No 21/8 mai 1903.

Веднаш биле испратени двајца кавалеристи во Битола со вест дека комити во с. Цапари припремаат напад на Битола.[16])

Во меѓувреме, во близината на с. Цапари пристигнал кирациjата — дебранец. Заплашен од стрелбата кај Цапари, по кратка дилема, продолжил за Битола.

Осамнал убав пролетен ден. Обземени од празнично расположение, Гиче Ошавков и Евгениј Поп Димитров се упатиле на прошетка до месноста Довлеџик. Целта им била да се сретнат со кирациjата за да добијат информација за величината на пратката оружје.

Патем се сретнале со кирациjата, кој им ја опишал ситуацијата во Цапари. Оружјето го скриле со помош на црквениот прислужник во празни гробови на Довлеџик.

Наскоро потоа се упатиле за Битола. Околу зградата на Уќуматот забележале многу Турци. Непосредно потоа, Г. Ошавков отишол во домот на Лука Ѓеров за да го информира за новонастанатата ситуација.[17])

По заминувањето на раководителите на Окружниот комитет — А. Лозанчев, Г. П. Христов и Г. Пешков на Смилевскиот конгрес[18]), Лука Ѓеров, кому привремено му била доверена работата на Окружниот комитет, бил компромитиран и морал да се крие пред органите на власта. Навистина, во Битола останал и членот на Окружниот комитет Аце Дорев, меѓутоа, заради одговорната благајничка должност, не бил многу ангажиран поради можна компромитација.[19])

Загрижен од веста на Ошавков, Ѓеров го испратил својот помлад брат да ја извиди ситуацијата. Наскоро добил информација дека Турците им препречиле секаков пристап на христијаните до Уќуматот.

Со дозвола на Ѓеров, пренесена преку десетарот Ристе Самарџијата, двајца слуги подигнале од Ингилис-Ан (Англиски-Ан, м. б.) две турски пушки со по 100 патрони. Околу 11 часот се упатиле низ турска улица кон организационата крепост Баир-Маало.

Очекувајќи на Ѓурѓовден акција на Комитетот[20]), претходно запознати со веста за комитите во Цапари, Турците од споменатата улица отворено биле провоцирани од двајцата организациони работници со нивните комично замаскирани пушки.[21])

---

[16]) Според Л. Ѓеров, била проширена вест дека стотици комити се готват да јѣ нападнат Битола. Сп. Л. Джеровъ, Битолското клане, Ил. Илинденъ, 2/5 (15), София, 1929, 3. — Не можевме точно да ја утврдиме содржината на веста што ја пренесле турските коњаници. Можно е таа да стигнала до Ѓерова хиперболизирана.

[17]) Л. Джеровъ, Idem, 1—4.

[18]) Оргиналнитѣ протоколи отъ Смилевския конгресъ, съобщава Скендеръ-бей, Ил. Илинденъ, X/7 (87), София, 1937, 10.

[19]) Л. Джеровъ, Idem, 4.

[20]) Le Vice-Consul de France à Monastir. . ., No 21/8 mai 1903.

[21]) Според Чакаларова, во Смилево ја добиле веста дека турските полициски органи гонеле две момчиња што не се предавале. Едното момче се завртело и убило полицаец. Момчињата успеале да избегаат. Разгневени, Турците го започнале масакрот. Сп. Оргиналнитѣ протоколи. . ., 9; — Меѓутоа, за убиство на полицаец не може да стане збор. Можно е само ранување.

Според верзијата на Л. Ѓеров, работниците се спасиле. Меѓутоа, Ѓеров ништо

Веста за инцидентот секавично се проширила до насобраните Турци пред Уќуматот. Возбудата кај насобраните достигнала кулминација.[22])

Непосреден повод за пресметка со беспомошната раја бил најден.[23]) Масакрот започнал.

Постои мислење дека Ѓурѓовденскиот масакр го приредила самата турска власт.[24]) Суштествува и друго мнение дека овој настан бил последица на општата возбуда на духовите.[25])

Факт е дека турската власт не очекувала посериозен настан на Ѓурѓовден. Тој ден, валијата Риза—паша, заедно со конзулскиот кор акредитиран во Битола, присуствувал на официјалниот прием кај грчкиот конзул. Приемот што се одржал во средата на 23 април/6 мај 1903 година, бил организиран по повод именденот на грчкиот крал.[26])

Во моментот кога почнало сервирањето на шампањ пристигнал аѓутантот на валијата. Аѓутантот на турски јазик го известил валијата за станатиот инцидент.[27]) Наскоро потоа валијата го напуштил приемот. Тоа се случило околу 11,30 h.

Токму во ова време започнал масакрот.[28]) Улогата на валијата во тие пресудни моменти останува нерасветлена.

Меѓутоа, факт е дека војската дури по час ипол ги поседнала квартовите на градот.[29]) Познато е дека војската по Солунските атен-

---

не говори за нивни одговор на турската стрелба.

Сп. Л. Джеровъ, Idem, 4.

[22]) „Целокупноста на тие неколку причини: комитите во Цапари, комитите во Битола, фамата за неминовно востание и неминовен напад на Битола, а особено честото обезоружување на Турците" — довеле, според Ѓерова, до Ѓурѓовденскиот колеж. Сп. Л. Джеровъ, Idem, 5.

[23]) Според извештаите на Ристиќ и Готје, непосреден повод за масакрот дале четворица поднапиени христијани, кои во 11 h и 30' навредиле некој Турчин, а потоа го раниле со револвер в глава. Сп. Извештај на М. Г. Ристиќ, п.п. 284, op. cit., 203; Le Vice Consul de France à Monastir. . . No 21/8 mai 1903, — Архив на Македонија, Dbl. M—238/1—838, Инв. б. 104.

Според напис во в. Реформи, повод за настанот била расправијата меѓу касап и двајца Турци, кои пукале во него со револвер, но не го погодиле. Касапот успеал да го удри едниот Турчин со касапскиот нож и избегал. Сп. Битоля (Спец. кореспн. на в. Реформи), — в. Реформи, 9 май 1903 г., 3.

Меѓутоа, со сигурност може да се тврди дека непосреден повод е оној што го предава Ѓеров, а го потврдува во своите шифрирани белешки В. Чакаларов. C f. фусн. 21.

[24]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 114; Хр. Силяновъ, op. cit., 265.

[25]) Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. 284/26. IV. 1903 ст. ст., op. cit., 204. Le Vice Consul de France à Monastir. . . , No 21/8 mai 1903.

[26]) Ѓорѓи I (1863—1913) г.), грчки крал.

[27]) Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. 284, op. cit., 202. Le Vice-consul de France à Monastir. . . , No 21/8 mai 1903.

[28]) Le Vice consul de France. . . , No 21/8 mai 1903.

Л. Джеровъ, Битолското клане. . . , 4; Македония и Одринско, Мемоаръ. . , 114.

[29]) Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. 284, op. cit., 202.

Според Мемоарот, официјалната власт цели три часа била нем посматрач на злочините. Дури по енергичната интервенција на конзулите ја употребила војската. Сп. Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 114; Хр. Силяновъ, op. cit., 265.

Меѓутоа, во конзулските извештаи не сретнавме потврда за слична акција на конзулските претставници во првиот ден на масакрот.

тати се наоѓала во подготвена состојба. Токму поради тоа фрапира релативно доцното ангажирање на војската во смирувањето на нередите.

Не е исклучена можноста масакрот да бил перфидно режиран од самиот валија.

Риза паша мошне добро ја знаел улогата на Битола во македонското револуционерно движење.

Масакрот во Солун и можноста за слична реприза во Битола биле добра прилика за застрашување на базата на тоа движење.

Ако ништо повеќе, битолскиот валија, со својот резервиран став во првите моменти, придонел за големината на масакрот.[30])

Веднаш по започнувањето на масакрот настанала паника.[31])

Чаршијата била затворена. Разулавените орди башибозук загосподариле со битолските улици. Се нижеле убиства на оние што не успеале навреме да се засолнат пред налетот на невидената фурија.

Половина час по започнувањето на масакрот Л. Ѓеров дал инструкција за одбегнување конфронтација со Турците. Воедно ја одобрил самоодбраната со сите средства при евентуално турско влегување во куќите.[32])

Натамошниот развој на настаните ја потврдил правилноста на одлуката на Џеров.

Војската околу 13 часот ги блокирала градските квартови. Ваквата опсадна состојба траела до 16 часот и 30'. По враќањето на релативниот

---

[30]) Според написот — Клането въ Битоля. Застѫпничеството на консулитѣ, Цариградъ, 6 май, — в. Реформи, V/8, София, 7 май 1903, 3, — валијата во почетокот бил „повлијаен од настроението на турското население и неизвесноста на намерите на Илдизот".

М. Г. Ристиќ смета дека валијата „или излаган од своите потчинети, или од страв од некакви сериозни нереди. . . побрзал со војска да го поседне градот тогаш кога сета работа можела да се сврши со затворање на неколку изгредници". Ристиќ натаму истакнува дека валијата го предимензионирал инцидентот и презел мерки „како да е целиот град во опаснот". Според Ристиќ, некои видни турски достоинственици, меѓу кои и Сулејман паша, командант на војската што ја чувала железничката линија, јавно го осудиле ставот на валијата, говорејќи дека тој е виновен за сѐ. (Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. 284, op. cit., 205).

Тешко би можело да се каже колку валијата само со помош на полицијата би можел да го спречи крвопролитието. Друго е прашањето, што и со помош на војската во прво време не се обидел да го разоружа башибозукот и да ги затвори виновниците.

[31]) „За чест на Битола никој не се исплаши"—констатира Ѓеров. (Л. Джеровъ, 5).

Можна е спремноста на поединци да се жртвуваат. Меѓутоа, како се чувствувала масата невооружено население, тешко е да се опише со зборови. Впрочем, за стравот што завладеал кај битолското население најдобро сведочат извештаите на битолските конзули. Оваа констатација е присутна и во Мемоарот. (Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 114).

[32]) Л. Ѓеров истакнува дека дури од Баир-Маало, по воздушен „канал" — од куќа на куќа, го прашале што да прават. Сп. Л. Джеровъ, Idem, 5.

Од одлуката на Ѓеров резултира констатацијата на францускиот вицеконзул Готје дека Комитетот не дал „знак на живот".

Сп. Le Vice consul de France. . . , No 21/8 mai 1903.

мир војската била повлечена во касарните. Неа ја замениле силни војнички патроли.[33])

Меѓутоа, опасноста од убиства не исчезнала бидејќи муслиманите не биле разоружани. Тие и натаму биле спремни за акција. Според францускиот вицеконзул Готје, полицијата и војската имале сомнителен став. Притоа, Готје го изнесува случајот кога некој полицаец убил претходно уапсен старец.[34])

Ноќта помеѓу 6/7 мај поминала релативно мирно. Меѓутоа, напнатоста била знатна поради можноста од рецидив на немирите.[35])

Паралелно со настаните во Битола, на 6 мај 1903 година покрај с. Цапари се одвивала борба помеѓу турскиот аскер и селаните од Цапари.[36])

По веста на двајцата кавалеристи за судирот во Цапари, на турската патрола во Цапари и се приклучило одделение коњица од Битола. Во борбата зел учество и башибозукот од с. Кажани.[37])

Селаните дале огорчен отпор. Борбата завршила во вечерните часови.[38]) Билансот бил мошне крвав. Селаните имале 11 мртви и 2 ранети. Освен тоа, 74 селани биле фатени, ужасно малтретирани и одведени во Битола.[39]) Според Мемоарот, Турците имале 30-на убиени.[40])

---

[33]) Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. 284, op. cit., 202.

[34]) Le Vice consul de France. . . , No 21/8 mai 1903.

[35]) Извештај на М. Г. Ристиќ, op. cit., 202.

[36]) Според Г. П. Христов, во Цапари околу 60 луѓе биле вооружени. Тие неодамна се вратиле од Катерино (Солунско) каде работеле како ќумурџии.

Сп. Революционната борба в Битолския окръг, Спомени от Г. П. Христов, София, 1953, 48: Според П. Ацев, се вратиле стотина ќумурџии со околу 250 пушки. (П. Ацевъ, Конгресътъ на Битолския рев. окржгъ. . . , 9).

[37]) Оргиналнитѣ протоколи. . . , 9; Революционната борба в Битолския окръг, 48

[38]) Според Мемоарот, борбата траела 12 часа (Македония и Одринско. . , 114). Ова гледиште го прифаќа Лозанчев. (Спомени на А. Лозанчев, ракопис. . . , 29);

Според В. Чакаларов, аскерот ја напуштил борбата вечерта, откако дознал за настаните во Битола. Сп. Оргиналнитѣ протоколи. . . , 9; Според извештајот на М. Куртовиќ, во којшто се застапени податоци на Хилми-паша, — во Битола и Цапари „се се свршило за два часа". (Извештај на српскиот ген. конзул во Скопје М. Куртовиќ, п. п. 654/24 април ст. ст. 1903, op. cit., 200).

[39]) Le Vice consul de France. . . , No 21/8 mai 1903.

Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. 284, op. cit. 203, 204.

Според Мемоарот, загинале 11 души, а 40 биле фатени и одведени во Битола. Двајца умреле од мачењата. Од затворените 18 души биле осудени на тешки казни. (Македония и Одринско. . . , 114; Хр. Силяновъ, op. cit., 265); Според Чакаларова, 14—15 селани биле убиени, а 60—70 одведени во Битола. (Оргиналнитѣ протоколи. . ., 9); Според Сл. Арсов, 10—11 души загинале. Сп. Възстаническото движение въ Югозападна Македония (до 1904), По спомени на Славейко Арсовъ, София, 1925, 84; Според М. Куртовиќ, во Цапари загинале 12, а биле ранети 2 селани. (Извештај на М. Куртовић, п. п. 654, op. cit., 200); Според Г. П. Христов биле затворени само 13 души. (Рев. борба. . . , 48).

[40]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 114; Хр. Силяновъ, op. cit., 265.

Според Сл. Арсов, во Цапари загинале само 3—4 заптии. (Възстаническото движение. . . , 85).

Повторен обид за масакр во Битола бил направен во четвртокот попладне, на 7 мај 1903 год. Меѓутоа, тој обид бил само блед одглас на настаните од Ѓурѓовден.[41])

Настаните од 6 и 7 мај силно ја потресле Битола. Постоело општо убедување дека главната одговорност за масакрот ја сносел битолскиот валија.[42]) Неговата верзија на настанот публикувана во вилаетскиот лист „Монастир" (бр. 929/30 април ст. ст. 1903 г.), мошне ефектно во својот извештај ја побива српскиот конзул М. Г. Ристиќ.[43]) Наводниот напад на бунтовниците на барутниот магазин Ристиќ го објаснува мошне убедливо. Според него, петмина христијани се враќале од прошетка незнаејќи за настаните во Битола. Патем, во близината на барутниот магазин биле пресретнати од турската патрола. Едниот од нив, Глигор кондураџијата се уплашил и се дал во бегство, што завршило фатално за него. Патролата ладнокрвно го убила.[44])

Во Ѓурѓовденскиот масакр ги загубиле животите 14 души, меѓу кои и: старецот Ангел Пажев, Баше Грозданов, Јован Биковец, Веле Милев, Богое Иванов, Христо Митрев — сите од Битола, Диме Калаџиев од с. Логоварди, Вељан Ангелов од с. Цер и др.[45]) Бројката на ранетите била поголема.[46])

---

[41]) Според Л. Ѓеров, биле убиени само 2—3 старци. (Л. Джеровъ, Idem. 5); Според извештајот на М. Г. Ристиќ, п. п. 284, op. cit., 204, — башибозукот убил 4 — 6 христијани.

[42]) „Се чини дека ништо посебно по трите дена не може да ја оправда таквата узбуна" — забележува Готје, (Сп. Le Vice Consul..., No 22/10 mai 1903).

Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. 292/4 мај ст. ст. 1903, op. cit., 221.

[43]) Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. 292, op. cit., 221—222.

[44]) Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. 284. op. cit., 203—204.

[45]) Македония и Одринско, Мемоаръ..., 114; Хр. Силяновъ, op. cit., 265.

Првиот ден, по официјалните извештаи, загинале 11 души.

Сп. Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. 284, op. cit., 202; Le Vice consul de France.., No 21/8 mai 1903; Извештај на М. Куртовиќ, п. п. 654, op. cit., 200.

Вториот ден, според Ристиќа, загинале 4—6 души. (Извештај на Ристиќ, п. п. 284. op. cit., 203).

Според Лозанчева, во масакрот ги изгубиле животите 15 души. (Спомени на А. Лозанчев ракопис..., 29); Според Чакаларов, загинале 15—20 души. (Оргиналнитѣ протоколи..., 9); Според Сл. Арсов, биле убиени 40—50 души. (Възстаническото движение... 84); Според Христов, биле убиени 30 души. (Революционната борба..., 48); Според Ѓеров, биле убиени 40—50 души. (Л. Джеровъ, Idem, 5); Според еден напис во в. Реформи биле убиени над 350 души. Сп. Битоля (спец. коренсп. на Реформи), — в. Реформи, V/10, София, 9 май 1903, 3. — Ова навистина е претерано. Самата содржина на написот е далеку од вистината со оглед на тоа што зборува за востание во Битола. Можно е дописникот да се повел од непроверени гласови.

Сл. Арсов говори дека Турците биле облечени во некаква турско-востаничка униформа. Од тоа Арсов извлекува заклучок дека масакрот бил отпорано смислен и припремен. (Възстаническото движение..., 85).

[46]) Според Л. Ѓеров, имало 30—40 души ранети. (Джеровъ, Idem, 5); Според Мемоарот, ранети биле повеќе од 40 души. (Македония и Одринско..., 114).

Според официјалниот извештај, во првиот ден на масакрот биле ранети 19 души. Сп. Le Vice consul de France..., No 21/8 mai 1903. Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. 284, 203.

Среќна околност била таа што масакрот започнал околу пладне кога веќе сите се прибрале дома. Страдале повеќето стари и немошни луѓе.

Во масакрот биле ранети тројца муслимани.[47])

По масакрот почнале апсења. Така, повеќе од 20 души христијани биле затворени како „предизвикувачи" на немирите. Неможејќи да ја издржат жестоката тортура, шестмина од уапсените подлегнале во затворот.[48])

Ставот на странските конзули спрема настаните од 6 и 7 мај 1903 заслужува посебно внимание.

Според Мемоарот, валијата ја употребил војската за смирување на нередите во средата попладне, дури по острата интервенција на странските конзули.[49]) Меѓутоа, нема потврда на овој податок во консултираните извештаи.

Српскиот конзул првпат по настаните побарал прием кај валијата во четвртокот наутро. Притоа тој инсистирал да се постави стража за заштита на српските просветни установи.[50])

Францускиот вицеконзул соопштува дека група граѓани барала од конзулите да се заложат пред нивните амбасади — за брза интервенција поради средување на ситуацијата во Битола. Притоа францускиот вицеконзул разговарал со неколку свои колеги по тоа прашање. Меѓутоа, францускиот вицеконзул бил најзаинтересиран за заштита на француските верски и просветни установи, пред сè за заштита на Лазаристите и Сестрите. „Ако нив ги стигне несреќа, ќе се прекорам што не сум направил сè што е можно за да ја спречам" — истакнува Готје.[51])

Најголема грижа за битолското население пројавиле рускиот конзул Ростковски и австроунгарскиот конзул во Битола А. Крал. Во тоа, за извесна нијанса предничел Ростковски.

На 8 мај 1903 година. Ростковски и почесниот драгоман на Австроунгарскиот конзулат протестирале кај валијата против држењето на башибозукот и барале апсење на виновниците. Валијата ветил дека ќе ги затвори актерите на нередите и наредил на башибозуците по улиците да им се одзема оружјето. Австроунгарскиот конзул не присуствувал на приемот поради болест.[52])

---

[47]) Le Vice Consul de France à Monastir. . ., No 21/8 mai 1903. Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. . . , 284, op. cit., 203; Едниот од ранетите бил имам. Сп. Извештај на Мил. П. Куртовиќ, п. п. 654, op. cit., 200).

Според написот — Клането въ Битоля, Цариградъ, 6 май 1903, — в. Реформи, V/8, София, 7 май 1903, 3, — тројцата Турци биле ранети во збрката од своите едноверци.

[48]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 114. Хр. Силяновъ, op. cit., 265.

[49]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 114, Хр. Силяновъ, op. cit., 265. Cf. фусн. 29.

[50]) Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. 284, op. cit., 202—203.

[51]) Le Vice Consul de France à Monastir. . ., 22/10 mai 1903.

[52]) 25 април, ст. ст. — Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. 284, 206—207.

На 10 мај 1903 година, рускиот и австроунгарскиот конзул го посетиле затворот и болницата и барале објаснување зошто ранетите христијани се држат во одделението за обични затвореници.[53])

На енергичното барање на Ростковски, валијата затворил неколку башибозуци повеќе компромисно, отколку со намера да преземе што и да е против нив.[54])

Ростковски отишол дотаму што навредил двајца турски полицајци и се обидел да предизвика инцидент на улица. Поради сето тоа, „тој ја навлекол на себе огорченоста на Турците".[55])

Настаните од 6 и 7 мај нашле одраз и во телеграмата на францускиот амбасадор во Цариград, Констан.[56]) Исто така, тие го нашле своето место и во извештаите на британските дипломатски претставници — Билиоти и Мак Грегор.[57])

Настаните од 6 и 7 мај 1903 година. вселе страв в коски кај христијанското население во Битола. Импресијата била толку пластична, емоцијата толку јака што требало да поминат денови состојбата колку-толку да се нормализира.

Во наредните денови по масакрот чаршијата и понатаму била затворена. Пешачки и коњички патроли и натаму кружеле низ градот.[58])

Според извештајот на Готје од 11 мај 1903 година, движењето по улиците започнало, школите почнале со работа. Воедно, неколку дуќани биле полуотворени.[59])

Според М. Г. Ристиќ, на 12 мај околу 1/4 од чаршијата била отворена.[60])

---

[53]) 27 април, ст. ст. — Извештај на Ристиќ, п. п. 292/2 мај 1903, ст. ст., 222.

[54]) Дури и со оваа палијативна мерка, валијата на себе го навлекол гневот на фанатизираните муслимански елементи. Во турскиот кварт се пронесол глас дека поради тоа валијата ќе биде сменет од должноста.

Сп. Извештај на Г. П. Ристиќ, п. п. 292, op. cit., 223.

Готје потврдува дека валијата затворил неколку Турци повеќе компромисно отколку репресино. Сп. Le Vice Consul de France à Monastir. . . , No 23/11 mai 1903

[55]) Le Vice Consul de France à Monastir. . . , No 24/13 mai 1903.

[56]) Télégramme. A Ministre des Affaires Etrangères — Paris, — No 64, Péra, ‘e 10 mai 1903 — Constans.

[57]) Христо Полјански, Англиските дипломатски извештаи за текот на Илинденското востание, во Битолскиот револуционерен округ, — сп. Современост, VIII 7—8, Скопје, 1958, 733.

[58]) Le Vice Consul de France à Monastir, . . . No 22/10 mai 1903.

Според Мемоарот, христијаните цели две недели не се решавале да се појават в чаршија. (Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 115).

До каде загосподарил стравот говори фактот што по неколку фамилии се собирале во една куќа и живееле како на пансион. (Арестувания и прѣследувания, —. в. Реформи, V/13, София, 13 май 1903, 2.).

[59]) Le Vice consul de France à Monastir. . . , No 23/11 mai 1903.

[60]) 29 април ст. ст., — Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. 292, 4 мај 1903, 220.

Меѓутоа, при најмал инцидент населението го опфаќала паника. Така, на 12 мај, при гонењето на војник-шверцер на тутун, чаршијата била молскавично затворена.[61])

Идниот ден, 13 мај, одново ги вознемирил граѓаните. Невнимателно пуштена канта во р. Драгор предизвикала лудо бегство на двајца Евреи. Патем пронесле глас дека експлодирала бомба. Тоа било доволно одново да се створи паника во градот. Чаршијата за миг била затворена.[62])

Настаните од 6 и 7 мај се одразиле и на Смилевскиот конгрес.[63])

Смилевскиот конгрес коинцидира со три важни настани: Солунските атентати, погибијата на Делчев и Ѓурѓовденскиот масакр.

Првиот настан, Солунските атентати, се одразил врз целиот тек на работата на Смилевскиот конгрес.[64]) Солунските атентати, според Лозанчева, уште повеќе ги зголемиле разликите во мненијата на конгресистите.[65]) Меѓутоа, Солунските атентати станале јак адут во рацете на оние конгресисти од типот на Сарафов, кои се залагале за неодложно потврдување на решението за востание.[66])

За вториот настан, односно за погибијата на Делчев, постојат индиции дека делегатите дознале на 6 мај 1903 година.

За последните настани, Ѓурѓовденскиот масакр и борбата ка Цапари, конгресистите дознале истиот ден, — 6 мај 1903 година.[68])

Веднаш била испратена помош во Цапари. Меѓутоа, штом дознале во Ѓавато дека борбата престанала, испратените на помош се вратиле.[69])

---

[61]) Le Vice consul de France à Monastir..., No 24/13 mai 1903.

Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. 292, 220.

[62]) Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. 292, 220—221.

[63]) Љ. Лапе, Смилевскиот конгрес, сп. Историја, IV/2, Скопје, 1968, 91.

[64]) Писмото на Лука Ѓеров за настаните во Солун пристигнало на 19 април /2 мај 1903 год., на првиот ден од работата на Конгресот.
Сп. Оргиналнитѣ протоколи..., 8.

[65]) На Спомените на Л. Милетич, — критички забелешки и размислувања на Ан. Лозанчев, ракопис, Архив на ИНИ, Скопје, сл. IV. 84, 29.

[66]) Спомени на Д. Груев, *Б. Сарафовъ* и Ив. Гарвановъ, МНИ, София, 1927, 90.

[67]) Д. Груев категорички истакнува дека за смртта на Делчев дознал на Смилевскиот конгрес. Сп. Спомени на *Д. Груевъ*, Б. Сарафовъ и Ив. Гарвановъ, МНИ, София, 1927, 23; Тврдењето на Даме го потврдува П. Ацев. Сп. П. Ацев, Конгресътъ на Битолския рев. окръгъ..., 9.

Меѓутоа фрапира отсуството на овој податок во спомените на останатите протагонисти на Смилевскиот конгрес.

По сè изгледа, поаѓајќи од тој факт, Глигор Тодоровски го застапува гледиштето дека на Смилевскиот конгрес не се знаело за смртта на Делчев. Сп. Д-р Гл. Тодоровски, Подготовките за Илинденското востание, РТВ, Скопје, 1968, 24.

[68]) Оргиналнитѣ протоколи..., 9; П. Ацевъ, Idem, 9; Революционната борба въ Битолския окръг, 48; Спомени на Ан. Лозанчев, ракопис, ... 29.

[69]) Според Сл. Арсов, на помош заминал Сугарев со некои од војводите. (Възстаническото движение..., 85); Според Г. П. Христов, на помош заминале Ѓ. Сугарев, Г. П. Христов и О. Пиперката со околу 100 четника. (Революционната борба..., 49); Според П. Ацев, бил испратен П. Цветков со чета од 30 души. (П. Ацевъ, Idem, 9); Според Чакаларова, ги испратиле четите на помош. (Оргиналнитѣ протоколи... 9); Според Лозанчева, сите делегати заминале на помош во Цапари, Сп. Спомени на Ан. Лозанчев, ракопис..., 29.

Последните настани го забрзале затворањето на Конгресот.

Тешко може да се измери одразот на Ѓурѓовденскиот масакр врз Смилевскиот конгрес.

Конгресот се наоѓал при крајот на својата работа кога стигнала веста за трагичните настани. Навистина, по една од клучните точки на дневниот ред, определување времето на востанието, сè уште не бил заземен дефинитивен став. Таков став по ова прашање бил заземен дури на 7 мај, секако и под импресијата на последните крвави настани.[70])

[70]) Според Чакаларов, веста за нив многу им олеснила „при претресувањето за решавање на денот на востанието. Тие што бараа да се одлага востанието, почнаа да зборуваат дека не може да се држи на тоа. (Оргиналнитѣ протоколи. . . , 9, 11).

„Сега сите делегати бевме во подруго настроение. Новите настани укажаа извесно влијание врз нас и особено врз оние кои беа против востанието" — си споменува Г. П. Христов. (Революционната борба в Битолския окръг. . . , 49.